Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ



# Стратешки план 2013 - 2015

Подготвува и издава:
Управа за јавни приходи на Република Македонија
бул. „Кузман Јосифовски - Питу” бр.1, 1000 Скопје
www. ujp.gov.mk, info@ujp.gov.mk

Дата на издавање:
19.12.2012 година

Уредници:
Марија Леова Димеска - Сектор за стратешко планирање, анализа и статистика
Весна Новаковиќ - Канцеларија за односи со јавност и комуникација

Дизајн и припрема:
Марија Темелис - Сектор за информатичка технологија
Драгица Николоска - Канцеларија за односи со јавност и комуникација

Наслов:
Стратешки приоритети на Управата за јавни приходи за периодот 2013-2015 година
Бр: 18-7216/2
http://www.ujp.gov.mk/mk/osnovni_dokumenti/category/112

2013 © Управа за јавни приходи

Материјалот е наменет за некомерцијални цели на Управата за јавни приходи. Копирање, умножување и употреба на материјалот за комерцијални цели не е дозволено. При користење на податоци од публикациите на Управата за јавни приходи потребно е да се цитира изворот.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

354.21.075.5:336.2(497.7)"2013/15"

СТРАТЕШКИ план : 2013-2015 / [уредници Марија Леова Димеска, Весна Новаковиќ]. - Скопје : Управа за јавни приходи на Република Македонија, 2013. - 36 стр. : илустр. ; 24 см

ISBN 978-608-4592-42-6

а) Управа за јавни приходи - Македонија - Стратешки планови - 2013-2015
COBISS.MK-ID 93443338

# Содржина


2 ВОВЕД

3 ВИЗИЈА

3 МИСИЈА

4 ВРЕДНОСТИ

5 НАДЛЕЖНОСТИ

6 ПРАВНА РАМКА

7 ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА

9 ПРОГРАМИ 2013 - 2015

10 Зајакнување на административните капацитети

17 Секогаш чекор понапред

25 Услужна ориентираност

28 Организација на учење и знаење

31 Место во меѓународната заедница

# ВОВЕД

Стратешките приоритети на Управата за јавни приходи (УЈП) ги содржат основните развојни компоненти чија реализација е планирана во периодот 2013 - 2015 година. Документот ги обезбедува генералните насоки како приоритетни цели, мерките кои треба да се преземат за нивно реализирање и активностите, кои со доследна примена од страна на вработените и со соодветно финансирање, ќе обезбедат не само реализација на нашата мисија и визија, туку ќе претставуваат и темел за изградба на современ даночен орган со висок углед и интегритет кај даночните обврзници, домашната и меѓународната јавност - доверба во професионалноста, ефикасноста, транспарентноста и услужната ориентираност.

Документот е усогласен со:

- Стратешките цели на „Програмата за работа на Владата на Република Македонија за периодот 2011 - 2015 година";
- „Програма на Владата на Република Македонија за периодот 2011-2015 година";
- „Националната програма за усвојување на правото на Европската унија";
- Препораките од извештајот „Зајакнување на даночната управа: Осврт на реформите во 2010 година и идните реформски приоритети" (27.06.2011 година), изготвен по завршување на Проектот за техничка помош во спроведување на реформата на даночната администрација за периодот 2010-2011 година спроведуван со Одделот за фискални работи на Меѓународниот монетарен фонд (ММФ);
- Препораки на консултантскиот тим на Проектот „Поддршка на даночната реформа" - финансиран од Европската унија; и
- Стратешкиот план на Управата за јавни приходи за периодот 2012-2014 година.



# ВИЗИЈА

Управата за јавни приходи да стане модел за професионална организација во јавниот сектор вреднувано согласно практиките и стандардите на Европската унија. За да ја оствариме нашата визија ќе продолжиме да го зајакнуваме административниот капацитет и да ги подигнуваме квалитативните стандарди на работењето преку висок степен на компјутеризација на работните процеси, давање услуги кон даночните обврзници и со систематска и современа едукација на вработените.

# МИСИЈА

Да обезбедиме висок квалитет на услуги за даночните обврзници, поедноставени даночни постапки за навремено и точно исполнување на обврските и праведно и ефикасно собирање на даноците и на другите јавни давачки.

# ВРЕДНОСТИ

- **ПРОФЕСИОНАЛНОСТ** - законски, објективен и еднаков однос кон клиентите.
- **УСЛУЖНОСТ** - брз и лесен пристап до информациите потребни за навремено и законско исполнување на даночните обврски и зголемување на задоволството кај корисниците на нашите услуги.
- **ПРАВЕДНОСТ** - навремено плаќање и враќање на данокот и другите јавни давачки „ниту повеќе, ниту помалку".
- **ЕДНОСТАВНОСТ** - намалување на трошоците на работењето на даночните обврзници и на УЈП.
- **ЕФИКАСНОСТ** - навремено постапување по барања доставени до УЈП и намалување на бројот на приговори, поплаки и жалби.
- **ТРАНСПАРЕНТНОСТ** - коректно и отворено информирање на јавноста, истовремено почитувајќи ја тајноста и доверливоста на личните и деловните податоци.
- **БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА И НЕПЛАЌАЧИТЕ НА ДАНОК** - секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон.
- **ЛИДЕРСТВО** - предвидување на промените, вештини за управување со ризик, иновативност, оригиналност, способност за подигнување на организацијата на повисоко ниво.
- **ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ** - поттикнување на позитивно влијание кон животната средина, клиентите, вработените, заедниците и кон други целни групи на јавната сфера.
- **ГРИЖА ЗА ЧОВЕЧКИОТ КАПИТАЛ** - унапредување и објективно вреднување на вештините, знаењето, времето и вложениот труд на вработените.
- **УПРАВУВАЊЕ СОГЛАСНО МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАНДАРДИ ЗА КВАЛИТЕТ.**

# НАДЛЕЖНОСТИ

Управата за јавни приходи функционира единствено на територијата на Република Македонија.
Врз основа на Законот за Управата за јавни приходи, ги извршува управните и други стручни работи кои се однесуваат на делокругот на работење, како и работи кои произлегуваат од посебните даночни закони.
Управата за јавни приходи оперативно ја спроведува даночната политика и врши наплата на даноци и други јавни давачки, им дава помош на даночните обврзници за исполнување на нивните даночни обврски, го следи и анализира функционирањето на даночниот систем и дава предлози за негово унапредување, соработува со даночни органи од други држави и дава меѓународна правна помош во даночни предмети.

Надлежностите на Управата за јавни приходи се проширени со работите кои се однесуваат на управувањето и извршувањето заради наплата на парични казни и трошоци изречени во парнични, прекршочни и управни постапки во корист на Република Македонија и на утврдувањето и наплатата на други јавни давачки доверени со закон или по склучен договор со надоместок кој е приход на Република Македонија.
Посебноста на Управата за јавни приходи се манифестира преку нејзината значајна улога во обезбедувањето средства во Буџетот на Република Македонија, кои во зависност од надлежностите, во последните години се движат околу 70%, со што го обезбедува остварувањето на функциите на државата.



# ПРАВНА РАМКА

Правната рамка за работењето на УЈП, општото даночно право и даночната управна постапка се дефинирани во два акта - Законот за Управата за јавни приходи и Законот за даночна постапка.

Законот за Управата за јавни приходи, кој е донесен во Септември 2005 година, претставува правна рамка која го одредува делокругот, организацијата, начинот на вршење на работата и раководењето, како и овластувањата и одговорностите при собирањето, евидентирањето, обработката и заштитата на податоците во врска со работите на УЈП. Со измените и дополнувањата на Законот од Јули 2008 година, се создаде правна рамка за новата организација на УЈП по функционален модел и за промена на статусот на вработените во „даночни службеници".

Со Законот за даночна постапка, кој е донесен во Јануари 2006 година и со измените и дополнувањата во периодот до 2012 година, на единствен начин се регулира: општото даночно право, постапката на утврдување на данокот, постапката на контрола, постапката на наплата на јавните приходи, правата и обврските на даночните обврзници, постапката по жалба, водењето на прекршочната постапка и прекршочните одредби.

Со наведената правна рамка се обезбедува можност за засилување на административниот капацитет за спроведување на законодавството и за борба против одбегнување на плаќање даноци.



# ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА

Управата за јавни приходи е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице.
Заклучно со 31.12.2012 година, бројот на вработените лица во УЈП изнесува 1.302 лица.

Од 1 јануари 2009 година, овозможено со измените во Законот за УЈП, работите од делокругот на Управата за јавни приходи се вршат преку:

- Генерална дирекција Скопје
- Дирекција за големи даночни обврзници
- Регионални дирекции (5) - лоцирани во Скопје, Битола, Штип, Тетово и Кавадарци
  - Даночни одделенија (8) - лоцирани во Охрид, Прилеп, Куманово, Струмица, Гостивар, Кичево, Велес и Гевгелија
  - Даночни шалтери (41) - лоцирани во ист број на општини и Мобилни даночни шалтери (3) кои ги опслужуваат останатите 31 општина каде не постои финансиско оправдување за нивно постојано лоцирање.

Со измените и дополнувањата на актите за организација на работата и за систематизација на работните места од Февруари 2011 година, овозможено е:

- Организирање на „Инспекторат за специјални контроли“ во рамки на Генералниот даночен инспекторат;
- Понатамошна децентрализација на функцијата услуги на даночни обврзници со отворање на „Мобилни даночни шалтери“ за општините каде не постои економска оправданост од постоење на друг организационен облик;
- Целосна реорганизација на функцијата „Присилна наплата“ преку организирање на „Центар за складирање и впаричување на запленети движни ствари“ и „Центар за наплата на глоби и други јавни приходи“;
- Организирање на посебна единица „Даночна академија“ за спроведување на процесите на редовна и системска едукација.

Со цел зголемување на ефикасноста и ефективноста во работењето и усогласување на

организацијата на УЈП, која треба да ја поддржи растечката улога на оданочувањето на поединците кое се извршува преку социјалните придонеси од плата и персоналниот данок, покрај започнатата децентрализација на функцијата „услуги на даночни обврзници“, се планира квалитативна реорганизација на работењето на Управата, во смисла на поделба на работите и работните задачи кои се однесуваат на оданочувањето на:

- Бизнис заедница - субјекти кои извршуваат економски/стопански активности; и
- Физички лица (граѓани) - поединци кои се оданочуваат согласно остварените приходи.



# ПРОГРАМИ 2013 -2015

За периодот 2013-2015 година, Управата за јавни приходи планира пет основни развојни стратешки цели. Во најголем дел, целите го опфаќаат континуираниот развој и надоградба на веќе воведените мерки кои бараат долгорочно имплементирање, но и нови активности за зајакнување на капацитетите на УЈП за темелно извршување на основните функции со нов квалитет.

- Зајакнување на административните капацитети
- Секогаш чекор понапред
- Услужна ориентираност
- Организација на учење и знаење
- Место во меѓународната заедница

# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ



*Зголемување на функционалната способност за спроведување на програмите и стратешките определби, зголемување на транспарентноста и реализација на мерки и активности за зголемување на капацитетот на Управата за спроведување на законодавството и борба против одбегнување на плаќање даноци.*

## 1. Реорганизација и специјализација на функциите

*Со специјализација на вработените за посебни проблематики се очекува зголемување на ефикасноста во остварување на работните задачи, проширување на базата на податоци на УЈП и зголемување на степенот на наплата на даночните приходи.*

Квалитативна реорганизација и потесна специјализација на работењето на функциите, подразбира поделба на работите и работните задачи кои се однесуваат на оданочувањето на:

- Бизнис заедницата - субјекти кои извршуваат економски/стопански активности; и
- Физички лица (граѓани) - поединци кои остваруваат приходи по различни основи.

Потесната специјализација ќе значи и дефинирање на работите и работните задачи на вработените на поинаков начин-од една страна, на работи поврзани со следење на стопанските активности на друштвата и работењето на јавно-правните тела со што се опфаќа работењето со даноците на промет и на добивка, и од друга страна, дефинирање на работите и работните задачи поврзани со следење на остварените приходи на граѓаните-физичките лица, со што се опфаќа работењето со персоналните даноци, социјалните придонеси од плата, но и радиодифузната такса и изречените глоби и казни од страна на различни органи во Република Македонија. Со интегрирање на податоците за социјалните придонеси и персоналниот данок на даночните обврзници-граѓани, а кои произлегуваат од пријавите за бруто плата, од Годишните даночни пријави, од Годишните извештаи на исплатувачите на приходи , а потоа и од податоците кои УЈП ги презема од други институции и бази на податоци, ќе се оформи функционална целина за работа со даночни обврзници-граѓани. Со оглед на карактеристиките на оваа целна група, ќе се воведат и развиваат и соодветни методи на контрола.

Со цел на хармонизирање со европското законодавство и пракса, за даночните обврзници - граѓани ќе се воведе даночен број, посебен Регистар на даночни обврзници и е-Даночно досие.

Во рамки на Генералниот даночен инспекторат - Инспекторат за специјални контроли ќе отпочне да функционира ИТ Форензик лабораторија и посебен организационен дел наменет за електронско поврзување со приредувачите на посебни игри на среќа и проток на информации од нивното работење во реално време.

## 2. Воведување на е-Архива и е-Даночно досие

*Намалување на времето и трошоците за комуникација и управување со документи во УЈП, проширување на базата на податоци и зголемување на нивото на транспарентност и одговорноста во работењето на секој поединец.*

„е-Архива“ значи електронско евидентирање, меморирање и распоредување на сите влезни и излезни документи и регистрирање на нивното внатрешно движење. Ќе се заврши отпочнатото проектирање на електронска архива - Документ менаџмент систем (ДМС), проектирање на распоредувањето и следење на движењето на документите во УЈП (документ флоу менаџмент), воведување на електронски потпис за секој вработен и формирање на електронско досие за секој предмет и електронско досие за секој даночен обврзник. За таа цел ќе се изврши скенирање на постојната хартиена архивска граѓа и нејзино приклучување кон електронските досиеа. За ова ќе се обезбеди нов дисковен простор за проширување на електронското чување на документите и подигнување на капацитетот на проток на мрежата. Потребна е набавка на компјутерска опрема и софтвер за скенирање и електронско архивирање на хартиените документи. При ставање на системот во продукција ќе се врши едукација на вработените во сите дирекции на Управата, даночни одделенија и даночни шалтери.

## 3. Унапредување на системот на внатрешна ревизија

*Зајакнување на објективноста на постапувањето, особено во оперативните организациони делови на УЈП, преку зголемување на бројот на воведени и опишани работни процедури во кои се вградени внатрешни контролни механизми за одбегнување на утврдените ризици.*

Носечка активност на Единицата - Внатрешна ревизија ќе биде организација и следење на воспоставување на систем на јавна внатрешна финансиска контрола во УЈП, што значи специфицирање на сите работни процеси, нивно мапирање, дефинирање на процедурите во секој процес и утврдување на ризиците по нивната големина. Се планира Проектот, во кој е вклучена и едукација на вработени од различни сектори, да биде реализиран со техничка помош на Министерството за финансии на Кралството Холандија.
Единицата - Внатрешна ревизија ќе извршува нови видови ревизии - ИТ ревизија и ревизија на интегритет, при што континуирано ќе се вршат обуки на внатрешните ревизори. За

регулирање на сите постапки, во согласност со Меѓународните стандарди за внатрешна ревизија, ќе биде изготвено електронско досие во кое ќе се евидентираат сите активности на ревизорите и досиеа за секоја спроведена ревизија во пропишани форми.
Главниот внатрешен ревизор и одреден број на ревизори ќе ја реализираат обврската да стекнат сертификат за ревизори за чие издавање ќе биде надлежна комисија од Министерството за финансии.

## 4. Систем на професионални стандарди

*Подигнување на нивото на професионалност и интегритет на вработените.*

Единицата - Професионални стандарди ќе работи на развој на методи и процедури за превенција од корупција и за истражување на корупција и непрофесионално однесување на вработените, за што ќе изврши усогласување на постоечките упатства и инструкции.
Единицата ќе се зајакне со потребен број на извршители и ќе се врши едукација на вработените за примена на новите методи и процедури на работа, а во исто време ќе воспостави и соработка и размена на искуства со идентични организациони делови во други државни органи.

## 5. Стратешко планирање, информирање и обезбедување на статистика за состојбите од работењето

*Подобрување на квалитетот на стратешкото планирање, понатамошно стандардизирање на информациите за управување со функциите, за следење на успешноста во работењето на поединците и посебните организациони делови и за информирање на јавноста и органите за работењето на УЈП, во насока на зголемување на отчетноста за реализирање на нашата мисија пред органите и јавноста.*

И во следниот период се продолжува со развој на системот на планирање преку краткорочни проекции, годишно планирање и со посебен акцент на стратешкото планирање и процесот на изготвување на статистики за поддршка на функциите (евиденција на податоците, архивирање/снимање на медиуми и статистика за потребите на функциите).
За начинот на спроведување на постапките за обезбедување на податоци ќе се изготви Прирачник чија изработка е отпочната во 2011 година.

## 6. Развој и доградба на информатичкиот систем

*Изградба и ставање во употреба на целосно интегриран информатички систем согласно изготвената студија, кој ќе допринесе за поедноставување и поголема ефикасност на сите постапки во УЈП.*

УЈП планира изградба на интегриран информатички систем во две фази:

- Во првата фаза - Развој на софтвер-модули за внес на даночни пријави, регистрации на даночни обврзници, администрација на корисници, даночно книговодство, е-Оданочување и набавка на дел од опрема за јакнење на хардверот.
- Во втората фаза – Развој на системи за инспекциска контрола, за присилна наплата, за анализи и статистика и за мерење на учиноци.

По изготвување на новиот ИТ систем и негово ставање во функција во фази, ќе се изврши миграција на податоците од стариот ИТ систем, ќе се изврши тестирање на новиот систем и обука за користење и одржување на новото информациско решение за сите вработени согласно нивните овластувања за користење и посебните потреби. Континуирано ќе се врши набавка на потребна компјутерска опрема, особено периферна компјутерска опрема, изнајмување на печатари и ќе се изврши доградба на постојниот заштитен систем (firewall), набавка на мрежна опрема, мрежно поврзување на преостанатите даночни одделенија и даночни шалтери, промена на застарената мрежна опрема во сите организациони делови и промена на постојниот систем за Повикувачкиот центар - Линија 198.
За унапредување на системот на едукација ќе се изгради софтвер за е-Учење на вработените за даночната проблематика преку “ИНТРАНЕТ” кој како систем на интерна комуникација и понатаму ќе се доградува и развива.
Ќе се дефинираат работните процеси и по нив ќе се развива и имплементира модул за правните работи, а во исто време ќе продолжи градбата на модулот за присилна наплата.
Претходно започнатата изградба на апликација за електронско поврзување со организаторите на игри на среќа и следење на одвивање на игрите (поврзување, комуникација, хардвер за складирање на податоци, софтвер на увид, заштита и безбедност на системот) ќе продолжи да се доразвива и во овој плански период.
За сите нови софтверски решенија ќе се едуцираат администраторите, техничката поддршка и крајните корисници.

Последната година на планскиот период ќе се посвети на понатамошен развој на системот за што ќе биде потребен придонес на странски консултанти ангажирани со реализација на проектно фише:

- Подготвување на проектна документација, техничка спецификација и техничка помош за набавка на ИТ опрема (хардвер, софтвер и обука) за Data Warehouse и нејзино интегрирање во целосниот систем на УЈП.
- Техничка спецификација и техничка помош за набавка на ИТ опрема (хардвер, софтвер и обука) за воспоставување на електронска администрација за присилна наплата.
- Техничка помош за подобрување на системот за електронско учење во УЈП.
- Подготовка на проектна документација, техничка спецификација и техничка помош за набавка на ИТ опрема (хардвер, софтвер и обука) за размена на податоци за даночни цели со земји членки на ЕУ.
- Периодична проценка на ризиците кај клучните информатички иницијативи.

## 7. Размена на податоци и поврзување на системот на УЈП со други институции

*Зголемување на нивото на користење на податоците помеѓу институциите во Република Македонија, со што податоците за граѓаните и за бизнисите ќе се доставуваат еднаш - во една институција, а ќе се користат едношалтерски во различни институции и за различни намени во согласност со прописите за заштита на личните податоци.*

После воведувањето на едношалтерскиот систем за регистрација со Централниот регистар на РМ, размената на податоци ќе се прошири со обезбедување на пристап кон базата на податоци за Годишни сметки која ја води Централниот регистер на РМ. Во рамки на проектите е-Услуги на ниво на Влада на РМ (Проект на Министерството за информатичко општество и администрација) се планираат следните електронски услуги:

- Едношалтерски систем - Побарување и достава на податоци по службена должност меѓу институциите, што значи граѓанинот ќе достави само едно барање до институциите, а тие се должни по службена должност да ги обезбедат податоците и документите со кои располагаат останатите државни институции.
- е-Документи - Воведување на систем преку кој граѓаните ќе можат преку Интернет, со користење на електронски потпис, да ги добијат документите од државните институции.

- Меѓусебно поврзување и користење на податоци меѓу државните институции (Интероперабилност) - сите потребни информации ќе може електронски да се добијат на секој шалтер, со што ќе се намали повеќекратното обраќање на граѓаните од шалтер до шалтер, како и непотребната хартиена документација.
- Влада 2.0 - Понатамошен развој на системот за интероперабилност каде што сите документи и услуги кои што ги издаваат државните институции за потребите на граѓаните ќе бидат достапни преку Интернет.

## 8. Комуникација, односи со јавноста и општествена одговорност

*Намалување на времето и трошоците на интерна и екстерна комуникација на УЈП, зголемување на транспарентноста и јакнење на организацискиот имиџ на УЈП во јавноста, како и поттикнување на позитивно влијание врз животната средина и различни целни групи од општествена заедница.*

Подобрување на комуникацијата и информирањето (екстерна и внатре-организациска), со понатамошно зајакнување на капацитетите на Канцеларијата за односи со јавноста и комуникација и воведување на нови и развој на постојните е-алатки, кои ќе овозможат целосна информираност на вработените и поврзување на организационите единици на УЈП, како и брз и лесен пристап и дистрибуција на даночни информации до јавноста и целните групи на национално и локално ново.
За организацискиот имиџ, подобрување на квалитетот на услугите и комуникацијата со клиентите од особена важност е и додефинирање на графичките стандарди кои ќе бидат интегрирани во посебна „Книга“.
Јавниот интерес е единствен интерес на делување на Управата за јавни приходи. Токму, раководени од основните начела на нашето општествено делување, отпочнавме со имплементирање на програми и активности - хуманитарни и крводарителски акции, подигнување на свеста за заштита на животната средина..., преку кои позитивно ќе влијаеме кон животната средина, клиентите и ќе покажеме грижа кон вработените, кон заедницата и кон други целни групи на јавната сфера.

# СЕКОГАШ ЧЕКОР ПОНАПРЕД

*Засилување на механизмите за наплата на јавните приходи, преку воведување на нови програми за намалување на сивата економија и проширување на базата за оданочување, поаѓајќи од основниот уставен принцип дека „секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон“.*



## 1. Систем на евиденции на даночните обврски

*Зголемување на доброволното пријавување и плаќање, точноста на податоците и намалување на задоцнетата наплата на даноци, придонеси и други јавни давачки кои ги администрира УЈП.*

За системот „бруто-плата“ (интегрирана наплата на персоналниот данок и социјалните придонеси од плата) потребно е да се изгради систем на евиденции по исплатител на плата и по осигуреник, но и доградување и развивање на даночните евиденции за приходите и даночните обврски на граѓаните. За сите процеси во даночното книговодство ќе се изготви детална Оперативна инструкција.
Со цел на зголемување на обемот на доброволното пријавување и плаќање на даноците, ќе бидат предложени иницијативи и предлози до Министерството за финансии за измена на даночните прописи за утврдување на данок со самооданочување, чие донесување потоа ќе предизвика промена на даночните пријави и промена на работните постапки.

## 2. Еднакви стандарди за работа

*Подигнување на квалитетот и ефикасноста во работењето, а пред се еднакво постапување во сите организациони делови на Управата за јавни приходи.*

Цел на оваа мерка е воведување на повисоки стандарди за работа и изедначеност на процесите на работа во сите организациони делови на УЈП, преку пренесување и имплементирање на најдобрите практики во секоја средина, воедначување на процесите за работа, реалокација на човечките ресурси за да се постигне нивна искористеност и подобар квалитет на работа.
По отпочнатите активности во 2012 година во неколку сектори на УЈП, и во овој плански период ќе се работи на воведување на меѓународните стандарди за квалитет во работата и организацијата на работата на јавната администрација (ИСО 9001:2008 стандарди) и сертификација.

## 3. Централизирање на приемот и обработката на даночните пријави и печатењето на даночните акти

*Со развој на системот на централизирана обработка на даночни пријави и централизирано*

*печатење на решенија и други даночни акти ќе се овозможи прераспоредување на кадарот во суштински функции на анализа на податоците за утврдување и наплата на даноци и ќе се овозможи воведување на нови методи за информирање и опоменување за плаќање на долговите пред присилна наплата.*

Центарот за обработка на пријави (ЦОП) ќе го преземе приемот и обработката на сите даночни пријави за сите регионални дирекции, што значи, сите хартиени и е-даночни пријави, освен МПИН доставени на медиум во даночните шалтери. За хартиените ДДВ пријави е обезбедено централизирано оптичко читање, автоматска обработка, дигитализација и архивирање во ДМС систем (електронски магацин) што е развојна тенденција и за другите видови на даночни пријави. За таа цел ќе се спроведе информатичко проектирање на работата на ЦОП и набавка на ресурси.
Во 2010 година отпочна, а во следниот период ќе се развива и надоградува системот за централизирано печатење на опомени, решенија и други даночни акти.

## 4. Намалување на сивата економија

*Зголемување на бројот на регистрирани даночни обврзници.*

Како еден сегмент во намалувањето на сивата економија, ќе се работи на развивање на методи за откривање на нерегистрирани даночни обврзници и нивно вклучување во редовните законски текови. Ќе се зајакнува соработката со другите инспекциски органи преку зголемување на бројот на заеднички контроли, особено соработката со Државниот пазарен инспекторат, Министерството за внатрешни работи и други инспекциски органи, и ќе се воспоставуваат методи за утврдување на даночните обврски на таквите субјекти.

## 5. Зајакнување на капацитетот на Даночниот инспекторат

*Зајакнување на борбата против затајување данок на ризичните даночни обврзници.*

Стратегијата за надворешна контрола во овој плански период особено се фокусира на организациски, кадровски и технички развој на Инспекторатот за специјални контроли и ИТ Форензик лабораторијата.
Од особено значење е формирањето и развојот на посебниот организациски дел за

електронско поврзување на УЈП со приредувачите на игри на среќа преку Надзорниот информациски систем (НИС), следење на сите уплати и исплати во реално време, контрола на приредувачите на игри на среќа и обука на вработените.
Во однос на критериумите за ризик ќе се обезбеди: софтвер за електронска евалуација на ефикасноста на критериумите за ризик, софтверско имплементирање на ажурираните критериуми за ризик за ДДВ и за новорегистрираните даночни обврзници, софтверско имплементирање на критериуми за ризичност на социјалните придонеси од плата и персоналниот данок и нивно интегрирање и надополнување и утврдување на критериуми за ризик на данок на добивка. Во организациониот дел надлежен за ова ќе се изврши кадровско доекипирање и ќе се обезбеди техничка поддршка.
Се планира подобрување и надоградување на постојните алатките за надворешна контрола и постојана едукација на инспекторите за нивно користење.
После изградбата на систем за ризици, методи и техники за контрола во градежната индустрија, во идниот период Генералниот даночен инспекторат ќе развива методи и техники на контроли за други специфични дејности, а особено ќе промовира користење на современи методи на компјутерска контрола и податоци од интернет купо-продажби.
За целосно и квалитетно остварување на планот ќе се спроведуваат обуки на инспекторите за трансферни цени, даночни измами, компјутерски контроли, размена на информации со трети страни, канцелариски контроли, примена на новите модули за контрола и примена на новите програми за контрола.

## 6. Нови методи за надзор

*Постигнување на поголема ефикасност и економичност во службените постапки на Управата за јавни приходи преку превентивно и проактивно делување, намалување на конфликтите меѓу Управата и даночните обврзници кои може да се појават при одложено утврдување на даночна неусогласеност, едукација на даночните обврзници, а во исто време надградба и проширување на знаењето на вработените.*

Од 2012 година во регионалните дирекции на УЈП отпочна примена на методот "канцелариска контрола" за надзор над малите и средните даночни обврзници.
Канцелариските контроли значат тековно проверување на состојби од помал обем, кои се сметаат за ризични и генерално се однесуваат на проверка на точноста и веродостојноста на

податоци кои ги пријавил самиот даночен обврзник. Таквите постапки се спроведуваат во даночните канцеларии со барање даночниот обврзник да обезбеди докази и да ги образложи пријавените податоци. Во таквата постапка може да се побара и самиот даночен обврзник да ја изврши проверката по зададени критериуми и да ја изврши исправката на даночната пријава. За целосно функционирање на системот, во овој период ќе се изгради апликација за евидентирање и следење на канцелариските проверки од кои ќе резултираат поединечни и збирни извештаи за извршените активности.

Методот на увид "хоризонтален мориторинг" е Пилот-проект во Дирекцијата за големи даночни обврзници (ДГДО) и претставува тековна контрола со ограничена проверка и повремен увид во документацијата, податоците и извештаите за деловните активности на даночниот обврзник.
Во 2013 година е планирано со овој надзор:

- Да се опфатат даночни обврзници кои имаат најзначајно учество во плаќањето на даноците и остварувањето на планираните даночни приходи и тековно да се следат нивните деловни активности, за да може навремено да се располага со информации за деловните активности кои може инцидентно или подолгорочно да влијаат на наплатата на даноците;
- Опфатените даночни обврзници да доставуваат на увид во ДГДО однапред утврдена документација, како и податоци и објаснувања, во утврдена месечна или друга временска рамка, а по потреба и на дополнителни барања;
- Информациите ќе се однесуваат на: количински показатели за производството и прометот, важни деловни одлуки на органите на управување и оценка на нивното даночно влијание, информации од областите од деловното работење кои се вклучени во критериумите за ризик од даночен аспект и сл.;
- Изборот на даночни обврзници ќе се изврши врз основа на показателите од 2012 година, со можност и во текот на 2013 година да се отпочне хоризонтален мониторинг кај даночни обврзници за кои ќе се оцени дека имаат значајно влијание врз плаќањето на даноците и остварувањето на планираните даночни приходи;
- Хоризонталниот мониторинг ќе го спроведува тимот на вработени за канцелариски контроли;
- Хоризонталниот мониторинг ќе се спроведува без барање на доброволност и договор

со даночниот обврзник, ќе има и информативен карактер за цели на УЈП и нема да ја ограничува можноста за спроведување на канцелариска или инспекциска контрола врз основа на добиените сознанија.

## 7. Методи и постапки на присилна наплата на долгови

*Забрзување на процесот на наплата на долговите, зголемување на износите на наплатените долгови и намалување на трошоците на присилната наплата.*

Во овој плански период, ќе се продолжи со процесите на развој на нови методологии за присилна наплата, особено со развој на е-Аукции http://e-aukcii.ujp.gov.mk за наплата на даночните долгови преку продажба на запленетите добра и изработка на извештаи за резултатите од одржаните аукции.
Ќе се изврши структурирање на долговите по наплатливост и воведување на евиденција на ненаплатливи долгови, и ќе се отпочне со изготвување на Годишни планови за целните износи за наплата на долговите по Регионални дирекции.
За ефикасно работење потребно е да се воспостави електронска комуникација за преземање на податоци од Централниот регистар на РМ - Заложен регистар и од Агенцијата за катастар на недвижности на РМ.
За целосно функционирање на системот на присилна наплата ќе се воспостави електронска евиденција за следење на случаите, за која веќе се дефинира работниот процес, по чие изготвување ќе се внесат податоците за отпочнатите постапки, ќе се воспостави електронско мерење на учиноци и ќе се изврши потребната обука на вработените.
По претходно обезбедена законска рамка и електронско поврзување со службите на ЕУ, ќе се воспостави размена на податоци за водење на случаи на присилна наплата на долгови на даночни обврзници настанати во други земји и обратно.

## 8. Развој на Центарот за наплата на глоби и други јавни приходи

*Со преземањето на наплатата на глобите и трошоците изречени во парничните, прекршочните, кривичните и управните постапки, изречени од судовите и другите прекршочни органи во надлежност на УЈП, се очекува зголемување на ефикасноста во наплатата на “казните“.*

Иако „Центарот за наплата на глоби и други јавни приходи“ функционира во целата 2012 година, и во следниот период ќе се извршува негово кадровско доекипирање и обука на новоназначените лица.
За целосно функционирање на системот ќе се доградува софтверот за електронска евиденција на глоби, трошоци и паушали, за присилна наплата на радиодифузната такса, како и на одлуки добиени за извршување.
УЈП ќе работи на воспоставување на договори со другите институции за електронски пренос на предметите за наплата на глоби.

## 9. Интегриран автоматски систем за постојана електронска комуникација на даночните обврзници со УЈП (ГПРС)

*Добивање на брзи и точни информации за извршениот готовински промет кај даночните обврзници, со што ќе се намали потребата од директни контроли кај бизнисите и од ангажирање на човечките капацитети на УЈП кои ќе се насочат кон посуштествени контроли.*

Со воведувањето на Интегриран автоматски систем за постојана електронска комуникација на УЈП со даночните обврзници кои поседуваат систем на фискална опрема, ќе се заокружи процесот на фискализација во Република Македонија и ќе се зголеми ефикасноста и ефективноста на УЈП во следењето на готовинскиот промет. Интегриран автоматски систем подразбира поставување и инсталирање на ГПРС уреди на поединечната опрема кај даночните обврзници и набавка на соодветна ИТ опрема во УЈП за прифаќање, евидентирање, анализа и известување за преземените податоци.
Во функција на ова, се работи на Предлог измени на Законот за регистрирање на готовински промет и на Правилникот за примена на овој закон.
Проектот ќе се реализира фазно, а во првата фаза ќе бидат вклучени големите трговски ланци и бензиски пумпи.

## 10. Адвокатски маркички (аконтативно плаќање на персоналниот данок на адвокатите-поединци)

*Зголемување на даночните приходи од адвокатски услуги и намалување на ризиците за наплата за даночните приходи.*

Во 2012 година донесен е Законот за адвокатски маркички кој ќе се применува од 2013 година. Иако активностите поврзани со донесувањето и примената не беа предвидени во „Стратешкиот план на УЈП 2012-2014 година“, сепак, со донесувањето на Законот тие добија приоритет, и во тој контекст донесен е Правилник за формата, содржината, вредноста, начинот на издавање, подигање, повлекување од употреба, како и формата и содржината на евиденцијата за употребените адвокатски маркички“ и обрасците во негов состав, извршен е избор на овластен печатар, изготвен е софтвер и извршена обука на кадарот.
Иако е отпочнато во 2012, во 2013 година ќе се спроведува едукација на даночните обврзници-адвокати и целни групи за целосно спроведување на законот.

## 11. Управување со усогласеност (ризик)

*Од воведувањето на специјализирана стратегија за управување со различни категории обврзници се очекува зголемување на самооданочувањето и намалување на ризиците за даночните приходи.*

Управата за јавни приходи ќе воведе системски пристап во управувањето со различни категории на даночни обврзници, односно со ризиците кои тие ги предизвикуваат во даночниот систем. За таа цел ќе се утврдат најважните ризици и нивните носители и ќе се изготви Годишен план за управување со усогласеноста. По дефинирање на ризиците за секоја категорија на даночни обврзници и опкружувањето што е карактеристично за нив или за периодот, ќе се утврдат активностите за усогласување кои треба да бидат преземени во следната година, носителите на тие активности, роковите за извршување и очекуваните резултати. За преземените активности ќе се изготвуваат извештаи.
За постигнување подобар ефект од воведувањето на овој систем на работа, ќе се одржи работилница со странски експерти кои ќе ги пренесат најдобрите искуства, по што ќе се изготви Акциски план за постапување.

# УСЛУЖНА ОРИЕНТИРАНОСТ

*Поголем степен на доброволно пријавување на даночните преку подобрување на услугите кон даночните обврзници и понатамошно јакнење на нивната доверба во УЈП како професионална институција, подготвена да им помогне и ефикасно да ги решава даночните работи.*



## 1. Доброволно и законско исполнување на даночните обврски без интервенции на УЈП

*Зголемување на бројот на навремени и точни даночни пријави и на плаќањето на даноците, преку понатамошна едукација и информирање на даночните обврзници за даночната проблематика.*

За остварување на оваа цел ќе се продолжи со изготвување на публикации и други материјали наменети за информирање на различни целни групи , со одржување семинари и други едукативни и информативни средби со даночните обврзници и други интересни групи.
УЈП ќе продолжи со едукацијата на младите во рамките на средното и високото образование (Проект „Фискална едукација на младите"), за што е изготвена посебна Програма.
Согласно структурата на даночните обврзници во секоја посебна општина, ќе се донесе план и програма за едукација на населението преку даночните шалтери на УЈП.
Особено внимание ќе се посвети на едукацијата и информираноста на новооснованите претпријатија.
За подобрување на услугите во тек е воведување на е-Регистар за статусни промени за даночни цели - можност да се пријават промени на податоците во УЈП, а даночните обврзници ќе добиваат известување по СМС или по е-пошта за даночните обврски.
Ќе се пристапи кон реафирмирање на постоечкиот Граѓански дневник со воведување на нови податоци во формуларите за изразување на мислењето на граѓаните.

## 2. Бизнискратија наместо бирократија

*Администрацијата постои за граѓаните, а не граѓаните за администрацијата.*

Услужната ориентираност значи широка поддршка на даночните обврзници во остварување на нивните обврски со најмали административни трошоци и ангажирања. Во таа смисла, во овој период ќе продолжи Регулаторната гилотина IV фаза, во која ќе се обезбеди поедноставување на постапките, скратување на роковите за извршување, имплементирање на правото "молчењето е одобрување", за што ќе се изготви и соодветна Оперативна инструкција. За односот на вработените по дефинираните

задачи, воспоставените рокови за нивно извршување и квалитетот на извршувањето ќе се реализираат проектите:

- Граѓанинот пред се - за примена на роковите за постапување на државните службеници и раководни лица и санкции за неизвршување на работите во предвиден рок.
- Оцени ја администрацијата - непосредно изразување на задоволството на граѓаните од добиените услуги од државните институции, преку посебен уред кој ќе биде софтверски поврзан со системот за пресметка на платата, со цел да се подигне одговорноста на државните службеници
- Барометар на квалитет - систем за постојано мерење на задоволството на корисниците од административните услуги, каде што ќе се оценуваат самите институции во однос на задоволството од граѓаните при издавањето на услугите.
- Меморандум за соработка помеѓу УЈП и Државниот завод за статистика - целосно ќе отпочне да се применува во 2013 година, а потоа редовно, со доставување на податоци по годишните пријави за персонален данок на доход и за данокот на добивка.

## 3. Висок степен на развој на електронските услуги

*Зголемување на користењето на е-услугите, а особено зголемување на бројот на електронски доставени даночни пријави.*

Оваа мерка значи продолжување на процесот на развивање на методите на електронска комуникација со даночните обврзници во сите области на работењето на УЈП. Особен интерес е зголемување на бројот на даночни обврзници, особено средни и мали даночни обврзници и граѓани, кои ги доставуваат даночните пријави по електронски пат, за што ќе се води интензивна кампања и едукација.
УЈП ќе воведе систем на нумерирање на ДДВ фактурите (е-ДДВ) и можност за аплицирање за уверенија за платени даноци и уверенија за остварен приход како нова е-услуга.
Согласно програмата "е-Услуги за граѓаните", електронски те услуги на УЈП ќе станат достапни за физички лица, а програмата "е-Даноци" се однесува на развој на методите на електронска комуникација со даночните обврзници, што од 2013 делумно, а од 2014 целосно, треба да стане законска обврска.
Во соработка со МИОА ќе се работи на проектот "М-Влада", со кој ќе се оствари можност за пополнување на даночни пријави преку паметни (smart) телефони.

# ОРГАНИЗАЦИЈА НА УЧЕЊЕ И ЗНАЕЊЕ



*Грижата за вработените и создавањето на едуциран професионален кадар ќе овозможи УЈП да стане посакувано место за работа за луѓе со високи потенцијали кои ќе го вложат целиот свој капацитет во унапредувањето на работењето на Управата.*

## 1. Подобрување на структурата и праведно наградување на вработените

*Мотивација за работа и праведно наградување на вработените и зголемување на човечките ресурси на УЈП.*

Со реализирање на програмите за вработување на млади високо едуцирани кадри и со системот на прераспоредување на вработените (од технички и несуштински функции на суштествени работи), ќе се делува на квалитетот и ефикасноста на работењето на УЈП.
Во следниот период особено внимание ќе се посветува на објективното вреднување на резултатите од работењето на поединците и во 2013 година ќе изврши првото годишно оценување на вработените согласно Методологијата за оценување на учиноците во УЈП, ќе се воспостави модел на мотивација и наградување според резултатите од работењето и ќе се унапредуваат и следат мерките и стандардите за учинок.
Со цел да се зајакне квалитетот и стручноста на даночните службеници ќе се реализира проектот „Топ менаџмент“ кој претставува континуирана обука на највисоките раководни службеници; ќе се воспостави периодично тестирање на знаењата на вработените; ќе се воведе систем на задолжително пренесување и примена на стекнатото знаење од учесниците на меѓународни обуки; Електронски систем за управување со знаењето (LMS), што претпоставува формирање на досие за посетуваните обуки и курсеви и знаењето кое го поседува секој вработен како предуслов за унапредување во системот на кариера; и ќе се воспостави Електронски систем за управување со ресурсите (ERP), што претставува регистер со преглед на капацитетите на вработените.

## 2. Организирање системска едукација на вработените

*Зголемување на ефикасноста на работењето преку едукација и воспоставување на размена на меѓународни искуства преку Регионалната даночна академија.*

Стратегијата за обука на УЈП има за цел да ја поддржи реорганизацијата на институцијата и новите работни процеси на клучните функции, како и потребите за обука за работењето и управувањето со цел да ја подобри способноста на вработените на сите нивоа, водејќи кон подобрено извршување на работата и услугите, на доброволното исполнување на даночните обврски на даночните обврзници и на присилното извршување, кога тоа ќе биде потребно. Стратегијата за обука поминува низ четири степени на развој на обуката до

постигнување на крајната цел – „Регионална даночна академија“ (РДА):

- Прва фаза - Воспоставување на интерна обука на вработените на раководните позиции за вештините на раководењето, за познавањето на даноците и даночните постапки на вработените во контролата, утврдувањето и наплата на даноците и на други функции од посебни стручни лица, која воглавно се реализира во 2011 година;
- Втора фаза - Да се воспостави Академија за обука на вработените, што е овозможено со последните организациски промени;
- Трета фаза - Даночната академијата да ја прошири програмата за обука и на други заинтересирани корисници: даночни советници, финансиски институции, обука за раководење во државните институции, обука за даночните обврзници; и
- Четврта фаза - Даночната академија да прерасне во Регионална даночна академија и источно-европски центар за најдобра практика за даночна администрација, што ќе биде можно кога академијата ќе ги надмине интерните потреби на УЈП и потребите на заинтересираните корисници од земјата.

Ќе се обезбеди Буџет за ангажирање на човечки ресурси, за реновирање и опремување на просторот за РДА и ќе се воспостави база на податоци за евиденција и следење на резултатите од применетата едукација по вработен.
Како во 2012, така и во 2013 и следните години, програмите за едукацијата ќе се спроведуваат врз основа на Годишен план на академијата.

# МЕСТО ВО МЕЃУНАРОДНАТА ЗАЕДНИЦА

*Етаблирањето на македонската даночна администрација во меѓународни рамки преку размена на податоци и искуствата на меѓународно ниво и забрзување на процесот на модернизација на УЈП и изедначување со европските практики.*



## 1. Одбегнување на двојното оданочување или неоданочување и размена на податоци за даночни измами

*Зголемување на бројот на потпишани и ратификувани меѓународни договори, но и билатерални договори по кои се постапува и се разменуваат неопходни податоци потребни за борба против даночните измами и избегнувањето плаќање данок.*

Процесот на примена на меѓународните договори за одбегнување на двојното оданочување или неоданочување, развивање на воведениот систем, едукација на вработените за примена на меѓународните договори и задржаниот данок и ажурирање на веб страницата на УЈП со оваа тематика, продолжува и во следниот период со тенденција на примена на сите OECD методи.
Во исто време се продолжува и со зајакнување на системот на размена на податоци, кои служат за превенција или рано откривање на даночни измами и финансиски криминал.
Ќе се работи на развивање на техничката основа на размената на податоци со набавка на соодветен хардвер и софтвер со што ќе се овозможи и постојана размена на податоци со земјите на ЕУ.

## 2. Размена на податоци за ДДВ во рамките на ЕУ (систем ВИЕС)

Со цел на постојана размена на податоци за ДДВ со земјите членки на ЕУ на пропишан начин, потребно е формирање на Канцеларија за врски за размена на ДДВ податоци за што ќе се набави пропишана хардверска и софтверска база за ВИЕС, ќе се ангажираат вработени и ќе се изврши нивна едукација по стандардите на ЕУ во периодот непосредно пред влезот на земјата во ЕУ.

## 3. Соработка со меѓународни институции, организации и со даночни администрации

*Пренесување на меѓународните искуства и намалување на даночните измами со меѓународна заднина.*

Преку комуникација со меѓународните институции и организации, се цели да се: зацврсти / прошири соработката или да се воспостави стабилна рамка за идна соработка; овозможи аплицирање и учество во проектите кои се дел од годишните програми на меѓународните институции и организации, а потоа периодично да се известува за степенот на имплементација на проектите; организираат донаторски конференции; учествува во Годишната програма и

Годишното собрание на Интра-европска организација на даночните администрации (IOTA). Соработката со даночните администрации на државите членки на Европската унија и други земји ќе се остварува преку билатерални соработки и операционализирање на иницијативата на УЈП за размена на информации меѓу балканските даночни администрации како рана превенција за новите текови во даночната евазија.

## 4. Евроинтегративен процес

*Приближување на УЈП до стандардите на работа кои се применуваат во даночните администрации на земјите членки на ЕУ и придонес на севкупните активности на земјата во процесите на побрза ЕУ интеграција.*

Во рамки на евроинтегративниот процес ќе се остваруваат активностите на УЈП за подготвување на НПАА Програмата и месечно известување на Секретаријат за европски прашања (СЕП) и Канцеларијата на ЕУ во РМ за степенот на реализација на НПАА Програмата; имплементирање на Програмата ИПА (програмирање, имплементација, мониторинг и еваулација); Имплементација на Програмата ФИСКАЛИС (имплементирање на Годишната програма на FISCALIS, мониторинг, евалуација, организирање на работилница, креирање на Профил на УЈП во рамките на TACTIK - FISKALIS); подготовка за поткомитети во рамките на Комитетот за асоцијација и стабилизација; и комуникација и координација на активностите во рамките на DG TAXUD.

* * *

За предвидениот развој и реализирање на новите програми согласно Стратегијата 2013-2015 година, во Управата за јавни приходи се предвидуваат нови 105 вработувања (35 лица на годишно ниво), кои ќе се распоредуваат според потребите.
За остварување на стратешките цели во наредниот тригодишен период, се предвидува дека ќе бидат потребни финансиски средства во износ од 1.541.857.500 денари и тоа по години: (во 2013) 540.942.500 денари, (во 2014) 471.620.000 денари и (во 2015) 529.295.000 денари.
Наведените износи на средства во планскиот период ќе се распоредуваат по одделните организациони делови на УЈП според планот и потребите за следните намени: за Регионална даночна академија - 61.500.000 денари; за инсталирање на GPRS на фискалната опрема на даночните обврзници – 826.500.000 денари; за софтвер и хардвер – 473.857.500 денари; и за нови вработувања – 180.000.000 денари.

www.ujp.gov.mk

info@ujp.gov.mk

Инфо центар 0800 33 000

Пријави неправилности 198

https://etax-fl.ujp.gov.mk



ISBN 978-608-4592-42-6